














Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

# КАТАЛОГ НА НАСТАНИ

# КАТАЛОГ НА СОДРЖИНИ ОД АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО ВО 2023 ГОДИНА

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

Една од позначајните обврски на Агенцијата за иселеништво, како институција која се грижи за иселениците, е помагањето на културниот развој во срединиte каде живеат и работат, со посебен акцент кон негувањето на мајчиниот јазик, фолклорот и традицијата.

Поддршката за културниот развој на иселениите Агенцијата за иселеништво ја остварува преку проекти кои секоја година традиционално се одржуваат, согласно Годишната програма за работа.

Каталогот за летните активности на Агенцијата за иселеништво во 2023 година претставува збир на содржини од рализираните програми во текот на летниот период, на кои учествуваа над 200 иселеници од целиот свет.

Тимот на Агенцијата за иселеништво предводен од директорот Слободан Близнаковски, водејќи се од досегашното искуство, професионалност, секојдневна комуникација и соработка со иселениците, преку посветеност и ангажираност придонесе овие проекти да се карактеризираат со успешност и се поголем интерес за учество  и доверба од страна на нашите иселеници.

Повиците и критериумите за учество на програмите Агенцијата за иселеништво ги објавува неколку месеци пред одржувањето на програмите преку: официјалната интернет страна  www.minisel.gov.mk и фејсбук страната на Агенцијата за иселеништво: https://www.facebook.com/iselenistvo

**Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија**

# „ИСЕЛЕНИЧКИ ПОЕТСКИ СРЕДБИ 2023"

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

На 25 и 26 мај 2023 во Клубот на пратеници во Скопје се одржаа „Иселеничките поетски средби" во организација на Агенцијата за иселеништво.

Првите „Иселенички поетски средби" преку поздравен говор ги отвори директорот на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски, а кон учесниците се обратија и директорот на Струшките вечери на поезијата, Тодорче Тасевски и претседателот на Друштвото на писатели на Македонија, Христо Петрески.

Директорот Близнаковски истакна дека Агенцијата за иселеништво преку повеќе активности се грижи за чувањето на македонскиот јазик во иселеништво и тоа: преку печатење на книги на иселеници, преку промоции на дела, како и преку доделување на наградата „Стојан Христов" за најдобра книга поезија во рамки на Струшките вечери на поезијата.

На „Иселеничките поетски средби" учествуваа: Емилија Тодорова, Марија Александрова и Оливера Јовановска од Австралија, Зоран Карапанчев од Канада, Ирена Павлова Де Одорико од Р.Италија, Иван Димоски и Мирјана Мајиќ од Р.Хрватска, Искра Пенева од Р.Србија, Гордана Крклинска, Лидија Линдоф и Лилјана Ивановска од Кралството Шведска, Светлана Босилкова Далевска од С.Р.Германија и Соња Цекова Стојаноска од Р.Словенија.

Поетите во текот на двата дена имаа можност да се самопромовираат, да ги презентираат своите дела, творби и да се запознаат и вмрежат меѓусебно за понатамошна соработка од областа на културата.



За љубителите на пишаниот збор со почит и љубов од поетесите учеснички на Поетските средби



Љубовта и носталгијата кон татковината главна тема во песните на поетите



Поетските средби, поле за промоција помеѓу своите сонародници иселени по светот



Успешно завршен прв ден, насмеани и задоволни лица, гости и домаќини




Македонско девојче во поезија опеано и во песна запеано



Учесниците поети побогати со нови пријателства, искуства, емотивни мигови и заслужени дипломи за учество

# „ИСЕЛЕНИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА“ ВО КРУШЕВО 2023

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

Во организација на Агенцијата за иселеништво од 12 – 17 јуни 2023 година во Крушево се одржа „Иселеничката ликовна колонија“.

Учествуваа девет ликовни уметници од различни земји – Тодор Јовановски (Србија), Владо Јаневски (Австралија), Бронхилда Станковска (Шведска), Олгица Зафировиќ (Србија), Боре Митовски (Словенија), Слаѓана Аризановиќ (Србија), Мирела Думитреску (Романија), Марија Александрова (Австралија) и Тања Пешиќ (Србија).

Директорот на Агенцијата за иселеништво, г-н Слободан Близнаковски, ги поздрави присутните и им се заблагодари за учеството, истакнувајќи дека оваа втора по ред Ликовна колонија за нашите ликовни уметници кои творат во иселеништво ќе добие традиционален карактер поради големиот интерес.

Уметниците твореа шест дена во прекрасниот амбиент на историското Крушево, под „Мечкин камен“ и гостољубивоста на хотелот „Монтана“. Преку разговори, за судбински премрежија во туѓина, отворајќи си ја душата – разлеваа со четките палета од бои по празните платна. Секое име на сликите како „Млада Охриѓанка“, „Жито“, „Православие“, „Светло“, „Разделба“... ја раскажува емотивната приказна за оттргнувањето од родниот дом.

На крајот од оваа прекрасна уметничка дружба, стекнувајќи се со нови пријатели, директорот Близнаковски им додели благодарници за учеството и покана за повторно видување во татковината.



Учесниците на Ликовната колонија со директорот на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски



Учесникот Тодор Јовановски со своето дело од Ликовната колонија „Лихнида"



Покрај сликањето, уметниците поминуваат прекрасни мигови во дружење и споделување на искуства



Мигови од работна атмосфера, инспирации и задоволства



Учесниците на Ликовната колонија со своите дела кои ги подарија на Агенцијата за иселеништво

# ИСЕЛЕНИЧКИ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ 2023

Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија

Од 16-20 јули 2023 година во Охрид, во организација на Агенцијата за иселеништво, 120 играорци, македонски културно-уметнички друштва учествуваа на „ИСЕЛЕНИЧКИОТ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ 2023"
За учество на фестивалот се пријавија:

КУД "Македонка" од Виена
МКД "Св. Кирил и Методиј" од Крањ
МКД"Македонија" од Сплит
Ансамбл" Сонце" од Крајова и
Национален ансамбл на Македонците во Р. Србија "Тоше Проески".

Директорот  на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски, ги поздрави учесниците и им посака успешни настапи и пријатен престој во татковината.
Во знак на благодарност за соработка и чување на македонската култура во иселеништво, на фолклорните групи им подари благодарници и уметнички дела насликани од наши ликовни уметници од иселеништво кои учестуваа на Ликовната колонија во Крушево. Преку македонски изворни песни и ора иселеничките фолклорни друштва покажаа како ја негуваат и промовираат македонската култура во срединитe каде живеат и работат. Според програмата друштвата настапуваа во Охрид и Струга каде беа  поздравени од многубројната публика со посебни емоции и голем аплауз. Друштвата остварија посета на Св. Наум, а пред настапот во Струга го посетија Вевчани, Вевчанските извори и изложбата  „Вевчански маски" во Културниот центар во Вевчани. Последниот ден од Иселеничкиот фолклорен фестивал, според програмата, учесниците имаа Етно работилница на која етнологот Даниел Филипов и фолклористот Здравко Банар во придружба на музичари кои свираат на изворни инструменти, презентираа македонски народни носии, нивните детали и специфичности од различните региони. Исто така презентираа изворни инструменти кои најчесто се употребуваат во македонското народно музичко творештво, како и чекорите од познати македонски ора кои се негуваат во македонските културно уметнички друштва. Учесниците поставуваа прашања и практично ги изведуваа вежбите за усовршување  на ората



Директорот на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски им посакува добредојде на фолклорните групи!



Во знак на благодарност за учество, Агенцијата за иселеништво подари уметнички дела на фолклорните групи



Од настапот на Националниот ансамбл на Македонците во Р.Србија „Тоше Проески“ на првата фестивалска вечер во Охрид



Веселиот настап на МКД „Македонија“ од Сплит со изворни македонски песни и ора



„Водарки“ едно од најславните ора изведена од КУД „Македонка“ од Виена



Младите фолклористи од МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ гордо го водат дефилето низ охридските улици



Незаборавни импресии од убавините на Вевчанските извори



Ансамблот Сонце од Крајова пред струшката публика „Беровка“ „Пајдушко“„ „Буфчанско и  песната „Јовано Јованке“



Најмладите учесници покажаа како го негуват македонскиот фолклор во ислеништво



Заедничко оро во слободното време и дружење низ песна и игра



Презентација на изворни инструменти




Прекрасните носии на КУД „Македонка“ од Виена прошетаа низ Охрид

**Агенција за иселеништво на**
**Република Северна Македонија**

# „ЛЕТНА ШКОЛА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 2023“

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

Летната школа по македонски јазик наменета за децата на нашите иселеници, се одржа од 26 јули - 1 август 2023 година, во Хотел Конгресен центар во Охрид.

Триесет ученици од Норвешка, Малта, Словенија, Франција, Германија, САД, Русија, Австрија и Србија во времетраење од една недела имаа можност да следат настава по мајчин, македонски јазик, а според програмата вклучени беа спортски активности со професионален тренер, игри во вода во убавото Охрдско езеро и посети на културно-историски знаменитости во Охрид.

Директорот на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски, на отворањето на Летната школа ги поздрави учениците, им заблагодари за интересот за учество и учење на мајчиниот јазик и им посака пријатен и незаборавен престој во татковината!

Летната школа се одржува петнаесет години по ред. На Школата учениците не само што го учат и негуваат јазикот и се запознаваат со позначајните историски настани на матичната држава, туку на Школата се раѓаат другарувања кои останувaат трајно и врската што ги спојува децата е нивното заедничко македонско потекло, љубовта кон татковината и македонскиот јазик кој имаат можност за време на престојот во Охрид да го усовршат.



Внимателно следење на наставата по македонски јазик



За време на посетата на културно-историските знаменитости учениците ја посетија црквата „Свети Јован Канео“



Освен часови, учениците имаа и организирани прошетки со разглед на убавините на Охрид



Учесниците на Летната школа пред „Плаошник“ со посета на локалните цркви, ископнини, Античкиот амфитеатар и Самоиловата тврдина

# КАМП ЗА СПОРТ И ДРУЖЕЊЕ 2023

Од 3-9 август 2023 година во организација на Агенцијата за иселеништво, се одржа "Кампот за спорт и дружење" во Охрид, за децата на нашите иселеници.

На Кампот учествуваа деца од Швацарија, Австрија, Германија, Велика Британија, Република Србија, Република Хрватска....

Во текот на една седмица децата предводени од спортски тренер учеа и тренираа вештини од повеќе спортски дисциплини и тоа: кошарка, фудбал, одбојка, пливање и други игри во вода.

Тренинзите се реализираа на соодветни терени и игралишта во непосредна близина на самиот хотел.

За време на престојот во Охрид, учесниците имаа можност да посетат културно-историски знаменитости, да играат игри во вода во убавото Охридско езеро и да се дружат меѓу себе.

На Кампот учесниците добија дресови и капчиња а спортските реквизити се обезбедени од Агенцијата за иселеништво.

Од година на година расте интересот за учество на  "Кампот за спорт и дружење" намнет за децата на иселениците кои имаат желба преку спортски активности и игри да се запознаваат и дружат со свои врсници од различни држави и да споделуваат искуства и знаења од областа на спортот.



Запознавање на учесниците со програмата на активностите



По тренинг, уживање во водите на Охридското езеро



Најбараната и најинтересната дисциплина на Кампот, кошарка



Дружење преку спорт и забава под будното око на тренерот



Турнир во пинг понг

# НАГРАДА „СТОЈАН ХРИСТОВ“
# ТЕКСТ ПОД ФОТОГРАФИИТЕ

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

Наградата ,,Стојан Христов" за најдобра книга поезија Агенцијата за иселеништво секоја година ја доделува во рамките на Струшките вечери на поезијата, во дел од програмата на самата манифестација во Струга.

Оваа година со одлука на жири комисијата номинирана од Струшките вечери на поезијата, наградата припадна на поетесата Ирена Павлова Де Одорико, од Италија, за делото „Светец“.

На шеесет и второто издание на Струшките вечери на поезијата, директорот на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски, во Струга ја врачи наградата на поетесата.

Воедно, директорот на Агенцијата за иселеништво, Слободан Близнаковски, во знак на благодарност за долгогодишна соработка со Струшките вечери на поезијата , на директорот Тодорче Тасевски му врачи Златна плакета и уметничко дело, насликано на Ликовната колонија Крушево 2023.



Директорот Слободан Близнаковски и ја врачува наградата на доботничката Ирена Павлова Де Одорико




Во знак на благодарност за соработка, директорот Слободан Близнаковски му подари златна плакета на директорот на Струшките вечери на поезијата, Тодорче Тасевски




Делото „Лихнида“ насликано на Ликовната колонија 2023 година, подарено од страна на Агенцијата за иселеништво на Струшките вечери на поезијата

# НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Со цел да се зачува јазикот на родителите од страна на најмладата генерација иселеници, Агенцијата за иселеништво организира „Настава по македонски јазик од далечина“ во текот на целата учебна година.

Предавањето на македонски јазик се одвива во три нивоа, неделно по два часа за секое ниво, почетно, средно и високо ниво – според степенот на познавање на македонскиот јазик. Слушателите во почетно ниво ги изучуваат буквите од азбуката, цртаат предмети на посочена буква, читаат кратки слогови, а подоцна и зборчиња и едноставни и кратки реченици. Понатаму слушаат македонска музика (детски, фестивалски песнички), читаат стихови од македонски поети, раскажуваат приказни, се запознаваат со родните градови и села, посетени места и сл.
Слушателите во средно ниво се стекнуваат со нови знаења од областа на јазикот, граматиката и литературата. Учениците се запознаат со видови реченици, интерпукција, зборовни групи, основните глаголски времиња, подредување зборови во реченица, државни симболи, деновите во неделата, месеците во годината, читаат поезија и проза од македонски автори, рецитираат, сами составуваат реченици, разговараат за македонската храна, омилени рецепти и уште многу интересни за слушателите содржини. Слушателите во високото ниво го подобруваат својот разговорен јазик, го збогатуваат личниот јазичен фонд на зборови, вежбаат комуникација, раскажување, прераскажување и решаваат покомплексни јазични вежби. Редовно слушаат македонска музика, следат видеа од национални ансамбли, културни манифестации и добиваат задачи да истражуваат за македонската историја, култура, туризам и образование. На часовите се вклучуваат македонски автори за деца кои прават промоција на своето творештво, а слушателите добиваат награди-книги кои им се испраќаат на нивната домашна адреса.


viber_image_2023-11-13_15-43-18-519.jpg
259%
Aleksandar's iPad
Ivana Atanasova
Jovan :)
Damjan
Christian Goshev
Christian Goshev
Marija
Marija
матија
матија
13/11/2023


Mikaela
Ivana Atanasova
Simona
Ask to Unmute
gracie
Dominik
Katarina I Stella
gracie


Home
Tools
Sign In
Share
ПИПИ ДОЛГИОТ ЧОРАП
од градот се досели необично деветгодишно
Живееше без родители, со коњот и мајмунче-
та и братот Аника и Томи, „нормални“ и „уба-
кај својата баба, а кога се вратија се изнена-
ка. Таа им раскажуваше за својот живот, по-
казни Аника и Томи никогаш не слушнале. За-
змислува и лаже. Како само ќе се изненадат
кога ќе дознаат дека приказните на Пипи се вистински.
* * *
Во тој миг се отвори вратата на „Пипиновец“ и оттаму истрча мало девојче. Тоа беше најчудното девојче кое Аника и Томи некогаш го беше виделе. Тоа беше Пипи Долгиот Чорап, која тргнала на својата утринска прошетка.
Еве, каква беше:
Нејзината коса имаше боја на морков и ѝ беше сплетена во две цврсти пле–
тенки кои ѝ стоеја право отстрана. Носот ѝ личеше на
компир и целиот беше ишаран со дамки од сонце–
то. Имаше широка уста со здрави, бели заби. И
фустанот ѝ беше чуден. Пипи сама си го сошила.


Home
Tools
Sign In
Share
ПИПИ ДОЛГИОТ ЧОРАП
Во запуштената куќа на крајот од градот се досели необичн
девојче по име Пипи Долгиот Чорап. Живееше без родители, со к
то. Во соседната куќа живееја сестрата и братот Аника и Томи, „н
во воспитани деца“. Аника и Томи беа кај својата баба, а кога се вр
дија како изгледа нивната нова сосетка. Таа им раскажуваше за с
себно за татко ѝ, а такви необични приказни Аника и Томи никогаш н
тоа сметаа дека Пипи Долгиот Чорап измислува и лаже. Како само
кога ќе дознаат дека приказните на Пипи се вистински.
* * *
Во тој миг се отвори вратата на „Пипиновец“ и оттаму истрч
Тоа беше најчудното девојче кое Аника и Томи некогаш го беше в
Пипи Долгиот Чорап, која тргнала на својата утринска прошетка.
Еве, каква беше:
Нејзината коса имаше боја на морков и ѝ беше сплетена во
тенки кои ѝ стоеја право отстрана. Но
компир и целиот беше ишаран со
то. Имаше широка уста со здра
фустанот ѝ беше чуден. Пипи сама си го сошила.
Type here to search

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

